Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-242/8
28-07-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-242/1 од 26.04.2022 година поднесена од месната заедница од [redacted], Општина Радовиш, против Општина Радовиш и ЈП „Плаваја“ - Радовиш, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и верско уверување, во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 15.07.2022 година го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на етничка припадност и верско уверување, во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Општина Радовиш и ЈП „Плаваја“ - Радовиш кон жителите на село [redacted] во Општина Радовиш.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за Спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-242/1 од 26.04.2022 година, поднесена од страна на месната заедница од село Прналија, Општина Радовиш преку достава на имиња на граѓаните и нивните потписи во прилог на претставката, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и верско уверување, во областа на пристап до добра и услуги во комуналната инфраструктура врз жителите на село [redacted] во Радовиш, припадници турската етничка заедница, со исламска вероисповед, од страна на Општина Радовиш и ЈП „Плаваја“ - Радовиш.

Во претставката подносителите наведуваат дека во селото Прналија во Општина Радовиш живеат припадници на турската етничка заедница со исламска вероисповед. Тие наведуваат дека се дискриминирани бидејќи се соочуваат со сериозен проблем и недостаток на вода за пиење и техничка вода, за извршување на дневните потреби, во споредба со жителите на другите месни заедници во Општина Радовиш. Тие наведуваат дека потребите ги обезбедуваат од селската чешма или од околните извори кои се доста далеку од нивното населено место. Овој проблем според нив, претставува видно отежнување на условите за живеење и наведуваат дека до моментот на поднесување на претставката, Општина Радовиш и ЈП „Плаваја“ – Радовиш, не презеле активности за решавање на тешката ситуација. Тоа според нив, резултира со дискриминација во пристапот кон водоснабдување, споредено со другите жители на Општина Радовиш.

Имајќи ги предвид наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 03.05.2022 година испрати Известување бр. 08-242/2 за произнесување кон наводите од претставката до Општина Радовиш и ЈП „Плаваја" - Радовиш како потенцијални дискриминатори.

На ден 16.05.2022 година, до Комисија за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор кон наводите од претставката бр. 08-242/3 од ЈП „Плаваја" - Радовиш. Во одговорот е наведено дека јавното претпријатие за комунални дејности е основано со основна дејност за снабдување со вода за пиење и пречистување на урбани отпадни води за територијата на Општина Радовиш, каде припаѓа и селото [redacted]. Јавното претпријатие има должност и да го управува и одржува водоснабдителниот и канализациониот систем кој е изграден и предаден од страна на Општина Радовиш. Меѓутоа, од јавното претпријатие тврдат дека изградбата на комунална инфраструктура во смисла на водоводен и канализационен систем, не спаѓа во надлежноста на јавното претпријатие. Како последно, во одговорот беше наведена забелешката дека писмената претставка од жителите на село Прналија не била доставена во прилог на дописот.

На ден 18.05.2022 година, до Комисија за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор кон наводите од претставката бр. 08-242/4 од Општина Радовиш. Во одговорот од Општина Радовиш истакнуваат дека секоја година, пред изготвувањето на буџетот на општината и програмите за наредната година, барале од месните заедници да искажат потреби, согласно нивните приоритети. Месната заедница од село [redacted], како прв приоритет ја навела изградбата на улицата од центарот на селото до училишниот двор, а изградбата на водовод ја навела како втор приоритет. Како последно, во одговорот беше наведена забелешката дека писмената претставка од жителите на село [redacted] не била доставена во прилог на дописот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, поради добиените забелешки од страна на Општина Радовиш и ЈП „Плаваја" - Радовиш за неизвршување на достава на писмената претставка, како дел од Известување бр. 08-242/2 од 03.05.2022 година за произнесување кон наводите од претставката до Општина Радовиш и ЈП „Плаваја" – Радовиш, на ден 23.05.2022 година испрати Известување за прием на претставка бр. 08-242/5 и во прилог ја достави писмената претставка од жителите на село [redacted], Општина Радовиш.

На ден 31.05.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна вториот одговор кон наводите од претставката бр. 08-242/6 од ЈП „Плаваја" – Радовиш. Содржината на одговорот и изнесените аргументи се речиси идентични,

на аргументите изнесени во поднесокот бр. 08-242/3 од 16.05.2022 година, чија содржина е наведена погоре.

На ден 22.06.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна вториот одговор кон наводите од претставката со бр. 08-242/7 од Општина Радовиш. Во истиот е наведено дека согласно барањето за доставување на приоритетни потреби до Општина Радовиш, МЗ од село Прналија на второ место ја навела изградбата на водоводот. Како нова околност во вториот одговор е наведено дека на барање на Општина Радовиш, рудникот Бучим ангажирал фирма која прави бушотини за изнаоѓање на питка вода во населените места во опкружувањето на рудникот и дека бушотини треба да се направат и во другите села кои немаат водоснабдителен систем. На крај, во вториот одговор на општината доставени се докази со кои се потврдуваат заложбите за уредување на село [redacted] и изработените проекти.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги анализираше наводите во претставката, доставените одговори од страна на ЈП „Плаваја" – Радовиш и Општина Радовиш и направи аналитички осврт на домашната и меѓународната пракса поврзана со предметниот проблем.

Во член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација стои:

*„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или било која друга основа*".

Исто така, во член 6 од ЗСЗД стои:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите*".

Правото на пристап до вода е основно човеково право и е основа за човечкото достоинство. Уставот на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија бр.52/1991 од 22.11.1991 година, 1/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 3/2009, 13/2009, 49/2011 и 6/2019 од 12.01.2019) во член 8, став 1 како

темелни вредности ги предвидува основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати со меѓународното право и утврдени со Уставот. Со резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации A/Res/64/292 од 28 јули 2010 година, пристапот до безбедна вода за пиење и одведувањето на отпадни води, е признат како самостојно човеково право.

Во Општ коментар бр. 15 (2002) - Право на вода (член 11 и член 12 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права)[1] издаден од Економско-социјалниот совет на Обединетите нации, се наведува дека:

*„објектите и услугите за вода мора да бидат достапни за сите, ... без дискриминација по која било од забранетите основи. Дополнително треба се обезбеди правото на пристап до вода и водни објекти и услуги на недискриминаторска основа, ... а државите членки треба да ја почитуваат, заштитат, олеснуваат и промовираат работата на застапниците за човекови ... во остварувањето на нивното право на вода.*“

Во поглед на домашната судска пракса која се однесува на предметниот проблем, Апелациониот суд во Битола во предметот ГЖ-1671/19 утврди дискриминација сторена од страна на Општина Прилеп и ЈКП „Водовод и канализација“ - Прилеп во областа на пристап до вода и канализација за граѓани Роми. Имено, согласно пресудата, Обврска на општината, согласно Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Северна Македонија бр.) – член 22, точка 4, е:

*„вршење на работите во делот на комуналните дејности, односно снабдувањето со вода за пиење, испорака на технолошката вода и одведувањето и прочистувањето на отпадните води, па во таа смисла општината мора да презема мерки во поглед на снабдувањето со водата за пиење*“.

Јавното комунално претпријатие преку системот за водоснабдување е должно да обезбедува трајно и непрекинато обезбедување со трајна и чиста вода за пиење и тоа е дејност од јавен интерес, а предвидено во член 3 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на Република Северна Македонија бр.68/2004 од 05.10.2004, 28/2006, 16/2007, 103/2008, 17/2011, 18/2011, 54/2011, 163/2013, 10/2015, 147/2015, 7/2016, 31/2016, 95/2019 и 21/2021 од 27.01.2021).

Во поглед на пресудите на Европскиот суд за човекови права, на 10 март 2020 година, судот во Стразбур ја донесе својата пресуда во Hudorovic et al. против Словенија (прил. бр. 24816/14 и 25140/14). Случајот се однесува на две поплаки од ромски семејства кои со децении живеат во неформални населби без пристап до вода, канализација, канализација и струја. Иако судот не утврдува дискриминација, сепак

[1] https://www.undocs.org/e/c.12/2002/11

во предвид го зема фактот што иако населението живеело во нелегализирани населби, општината со помош на државата креирале привремено решение во насока на обезбедување на резервоар за вода кој населението го користело за секојдневни потреби. Во таа насока, Судот тврди дека Член 8 на Европската конвенција за човекови права наметнува обврски на државите да обезбедат пристап до чиста вода.

Постојаниот и долготрајниот недостаток на пристап до безбедна вода за пиење, по својата природа, може да има негативни последици по здравјето и човечкото достоинство ефективно, притоа, негативно да влијае на приватниот живот и уживањето во домот во смисла на Член 8 од Европската конвенција за човекови права.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во однос на одговорот на ЈП „Плаваја" – Радовиш кон наводите од претставката, утврди дека и покрај тоа што јавното претпријатие нема надлежност да го проектира и изгради водоснабдителниот систем, сепак горeспоменатите одредби од позитивното право на Република Северна Македонија, развиената домашна судска практика, како и преземените обврски од меѓународно-правните инструменти во однос на обезбедувањето на пристап до вода како основно човеково право, ја наложуваат обврската за обезбедување на чиста вода за пиење на еднаква основа, за сите граѓани на Република Северна Македонија, без разлика на нивното место на живеење.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во однос на одговорот на Општина Радовиш кон наводите од претставката, утврди дека и покрај тоа што граѓаните од месната заедница на село [redacted] како примарен приоритет ја посочиле изградбата на улицата од центарот на селото до училишниот двор, сепак тоа не го побива фактот дека обезбедувањето на пристап до вода како основно човеково право е наложен како обврска и треба да биде овозможен на еднаква основа за сите граѓани на Република Северна Македонија, без разлика на нивното место на живеење и нивната етничка и верска припадност. Наведениот примарен приоритет на месната заедница, дополнително говори за лошите услови за живот во село [redacted], Општина Радовиш.

Како дополнителна отежнувачка околност во изминатиот период, светската пандемија предизвикана од КОВИД-19 дополнително ја отежнува положбата на сите семејства кои немаат пристап до чиста вода.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 5, член 6 и член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, утврдува директна дискриминација врз основа на етничка припадност и верско уверување, во областа на пристап до добра и

услуги сторена од страна на Општина Радовиш ЈП „Плаваја" – Радовиш, врз жителите на село Прналија во Општина Радовиш.

Согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во случај на утврдена дискриминација предвидена е обврска на Комисијата да препорача отстранување на повреда на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Став 3 од членот 27 предвидува должност на субјектот кој сторил дискриминација да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја носи следната

## ПРЕПОРАКА

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација препорачува на Општина Радовиш, да обезбеди пристап до чиста вода во селото [redacted] во Радовиш. Во таа насока, Општина Радовиш е задолжена во соработка со рудникот Бучим да направат бушотини за наоѓање на питка вода и да извршат соодветно проектирање и изведба на водоснабдителен систем во селото [redacted] Доколку постојат законски пречки во однос на проектирањето и изведувањето на нова водоводна мрежа, да се обезбеди привремено решение кое ќе овозможи пристап до вода на сите семејства кои живеат во ова село. Препораката е во насока на отстранување на дискриминацијата и спречување на можна идна дискриминација што недостигот на вода може да го предизвика во областите на образование, здравје, вработување и пристап до јавни добра и услуги.

Препораката треба да биде извршена најдоцна во рок од 6 месеци од денот на приемот на ова мислење и за исполнувањето треба да биде известена Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата го следи и извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сѐ до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена препораката не постапат по препораката, Комисијата согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Скопје
28.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- Општина Радовиш, бул. „Александар Македонски" бр. 7, 2420 Радовиш
- ЈП „Плаваја" – Радовиш, ул. „Св. Спасо Радовишки" бр. 32, 2420 Радовиш
- [redacted]